Во согласност со Архуската конвенција, како и врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристапдо информации од јавен карактер (и подоцнежните измени и дополнувања) и член 51 од Законот за животна средина (и подоцнежните измени и дополнувања) од имателот ја бараме следната информација.

**1.** Нацртот на *Законот за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV - Парк на природа* каков што беше усвоен на денешната, 85. Седница на Владата.

**2.** Извештај од поднесени мислења и коментари од јавноста и институциите согласно одржаниот процес на консултација со јавноста.

Ве молиме, бараната информација да ни биде доставена по електронски пат на истава е-пошта во најбрз можен рок, а не подоцна од законски утврдениот.